Врз основа на член 52 став (5) и 83 став (5) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/2008, 124/2010 и 17/2011) и член 39-м став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010 и 36/2011)) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКИ ДРУШТВА И ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

**(неофицијален пречистен текст)**
**(„Службен весник на Република Македонија”бр.99/2011 и 85/2013)**

## Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишува начинот на присоединување на друштва за управување со задолжителни пензиски фондови, друштва за управување со доброволни пензиски фондови и друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиски друштва), соодветно присоединување на задолжителни и на доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиски фондови), формата на барањето за добивање дозвола за присоединување на едно пензиско друштво кон друго и формата на барањето за добивање одобрение за присоединување на еден пензиски фонд кон друг пензиски фонд.

## Член 2

Пред секое присоединување на едно кон друго пензиско друштво, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) издава дозвола за присоединување на едно пензиско друштво кон друго и условно одобрение за присоединување на еден задолжителен и/или доброволен пензиски фонд кон друг задолжителен и/или доброволен пензиски фонд согласно закон. Условното одобрение за присоединување на пензиските фондови станува полноважно по присоединувањето на едното кон другото пензиско друштво и извршениот упис во Централниот регистар на Република Македонија.

## Член 3

За добивање дозвола за присоединување на едно пензиско друштво кон друго, постојните пензиски друштва доставуваат:

а) барање за добивање дозвола за присоединување на едно пензиско друштво кон друго пензиско друштво, на Образец бр.1 кој е составен дел на овој правилник; и

б) барања за добивање одобрение за присоединување на еден задолжителен кон друг задолжителен пензиски фонд и за добивање одобрение за присоединување на еден доброволен кон друг доброволен пензиски фонд, на Образец бр. 2 кој е составен дел на овој правилник .

Кон барањата од став (1) од овој член подносителот на барањето ги доставува следниве документи:

а) спогодба за условите под кои ќе се врши присоединувањето донесена од страна на управниот одбор на секое пензиско друштво што учествува во присоединувањето, со содржината на спогодбата согласно Законот за трговски друштва;

б) одлуки за присоединување донесени од страна на Собранието на акционери на секое пензиско друштво што учествува во присоединувањето, во согласно со одредбите на Законот за трговски друштва;

в) одлука за измена и дополнување на статутот на пензиско друштво кон кое се врши присоединувањето;

г) организациски и финансиски план за пензиското друштво кон кое се врши присоединување;

д) финансиска проценка на пензиско друштво и на пензискиот фонд по присоединувањето, што треба да вклучи проекции за вкупните приходи и расходи за најмалку пет години и тоа во три сценарија „оптимистичко, реално и песимистичко";

ѓ) список на поврзани лица со пензиските друштва кои ќе настанат со присоединувањето;

е) документ со кој се потврдува финансиската состојба на акционерите на пензиско друштво кон кое се врши присоединување, за период од 5 години до денот на поднесувањето на барањето за присоединување, вклучувајќи документи со кои се потврдува дека секој акционер не е задолжен;

ж) податоци за потеклото на средствата кои пензиското друштво кон кое се врши присоединување ќе ги користи за самата постапка на присоединување, податоци за други правни лица кои ќе се присоединат или спојат како резултат на присоединувањето;

з) податоци за акционерската структура и за зголемувањето на основната главнина и зголемување на главнината на пензиското друштво кон кое се врши присоединувањето;

ѕ) други документи на барање на Агенцијата.

**Член 4**

Покрај документите од член 3 на овој правилник, пензиското друштво кон кое се врши присоединување доколку има измени доставува и:

а) статут на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд управуван од пензиското друштво кон кое се врши присоединување;

б) договорот со чувар на имот;

в) информативниот проспект на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд управуван од пензиското друштво кон кое се врши присоединување;

г) програма за инвестиционата стратегија на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд управуван од пензиското друштво кон кое се врши присоединување;

д) програма за спречување на перење пари;

ѓ) податоци и документи за предложените членови на управен и надзорен одбор, согласно член 3 од Правилникот за начинот и постапката за избор на член на управен одбор и на надзорен одбор на пензиско друштво;

е) податоци за лица со посебни овластувања и одговорности или кои ќе бидат на раководни места и други лица кои се предлага да бидат одговорни за инвестиционите одлуки, управување со ризици, пресметка на програмирани повлекувања, внатрешна ревизија, сметките, маркетинг и контрола на агенти. За овие лица пензиското друштво ги доставуваат следниве документи:

- кратка биографија ;
- фотокопија од документ за лична идентификација;
- заверен препис на дипломи за образование. Доколку образованието е стекнато во странство, дипломата треба да е призната како високо образовна квалификација стекната во странство од надлежен орган во Република Македонија.
- доказ за претходното работно искуство на предложениот член
- изјави со кои тие се согласни да ги извршуваат овие функции доколку добијат дозвола за присоединување и да ги исполнат сите услови пропишани со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување вклучувајќи повлекување од било која функција што претставува конфликт на интереси согласно закон и е забранета со закон, како и опис на нивните стручни квалификации и на претходното професионално искуство со препораки

ж) други документи кои ќе ги побара Агенцијата.

**Член 5**

Барањата заедно со потребната документација се поднесуваат потпишани од законските застапници или овластените потписници на постојните пензиски друштва, во оригинал или заверен препис на македонски јазик.

Доколку документите се на странски јазик се доставуваат во нивниот оригинал и со заверен превод на македонски јазик од постојан судски преведувач во Република Македонија.

**Член 6**

По приемот на барањата, Агенцијата може, да побара доставување на дополнителни документи и податоци.

Агенцијата може дополнително да испита одделни факти во врска со барањата и документација и за таа цел може:

а) да побара информација од Управата за спречување на перење пари и финансирање тероризам или соодветна институција во странство и да се обрати до други надлежни регулаторни и супервизорски органи и институции во Република Македонија и во странство;

б) да прибира документи и податоци од други извори.

в) да спроведе интервју со предложениот кандидат за член на управен одбор за начинот на спроведување на програмата за работа на пензиското друштво и пензиските фондови, со кое ги оценуваат неговите организациски способности.

г) да спроведе тестирање на предложениот кандидат за член на управен одбор за познавање на прописите од областа на капитално финансирано пензиско осигурување односно познавање на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и подзаконските акти кои произлегуваат од овие закони, како и други прописи од областа на финансиите кои се од значење за работењето на пензиското друштво и пензиските фондови.

**Член 7**

Агенцијата одлучува за барањата во рок од 60 дена од нивниот прием.

Доколку Агенцијата побара дополнителни документи од пензиското друштво, рокот од став 1 на овој член престанува да тече и продолжува откако Агенцијата ќе ги добие бараните информации.

**Член 8**

Врз основа на оценката за исполнувањето на условите од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и/или Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и од овој правилник

Советот на експерти на Агенцијата донесува решение за издавање дозвола за присоединување на едно пензиско друштво кон друго и условно одобрение за присоединување на пензиските фондови или решение со кое ќе ги одбие барањата.

**Член 9**

Решението за издавање дозвола за присоединување на едно пензиско друштво кон друго и одобрението за присоединување на пензиските фондови се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија" по конечноста на решението.

Решението издадено од Агенцијата ги содржи роковите за преземањето на управувањето со пензиското друштво и се определува временскиот период во кој оваа постапка треба да се заврши.

Пензиското друштво на кое му е издаден дозвола може да побара од Агенцијата продолжување на рокот со цел да го изврши присоединувањето.

**Член 10**

По добиената дозвола од Агенцијата, пензиското друштво веднаш ја известува Агенцијата за уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 11**

Агенцијата ќе ги одбие барањата во следните случаи:

а) барањето и поднесената документација не ги исполнуваат условите предвидени во овој правилник;

б) ако од поднесената документација со барањата или од друга информација се увиди дека било кое од пензиските друштва кое се присоединува не ги платило даноците, придонесите и други јавни давачки во периодот од последните 5 години до датумот на поднесување на барањето;

в) зголемувањата на основната главнина на пензиското друштво кон кое се врши присоединување потекнува од заеми, кредити или се оптоварени на друг начин;

г) средствата предвидени за преземање на управувањето на пензиското друштво потекнуваат од заеми, кредити или се оптоварени на друг начин;

д) кога врз основа на претходните постапки е јасно дека барателот го нема потребното искуство и не е во состојба да управува со пензиско друштво во интерес на членовите и на пензионираните членови на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд; и

ѓ) кога издавањето дозволата е спротивно на интересите на членовите и на пензионираните членови на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд или општиот јавен интерес.

На пензиските друштва на кои не им е издадена дозвола, Агенцијата доставува решение со образложение за одбивањето. Ова решение е достапно за јавноста, преку веб страната на Агенцијата и против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд.

Член 12

Во случај на присоединување на друштва за управување со задолжителни пензиски фондови, задолжителниот пензиски фонд со кој управува друштвото кое се присоединува, се присоединува со задолжителниот пензиски фонд со кој управува друштвото кон кое се врши присоединувањето.

Во случај на присоединување на друштва за управување со доброволни пензиски фондови, доброволниот пензиски фонд со кој управува друштвото кое се присоединува, се присоединува со доброволниот пензиски фонд со кој управува друштвото кон кое се врши присоединувањето.

Во случај на присоединување на друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, задолжителниот пензиски фонд со кој управува друштвото кое се присоединува, се присоединува со задолжителниот пензиски фонд со кој управува друштвото кон кое се врши присоединувањето а доброволниот пензиски фонд се присоединува со доброволниот пензиски фонд со кој управува друштвото кон кое се врши присоединувањето.

Член 13

Присоединувањето на задолжителните или доброволните пензиски фондови ќе се изврши на наредниот ден од денот на полноважноста на условно одобрение за присоединување на задолжителни или доброволни пензиски фонд.

Член 14

Пензиско друштво кон кое се врши присоединувањето не потпишува повторно договори за членство со членовите на задолжителен и/или доброволен пензиски фонд кои биле управувани од пензиското друштво кое се присоединува, ниту договори со осигурителите кои организираат и финансираат професионална пензиска шема ниту договори за исплата на пензии или пензиски надоместоци од пензиски фонд, кои се веќе потпишани со пензиското друштво кое се присоединува.

Пензиско друштво кон кое се врши присоединувањето донесува акт со кој ги признава договорите за членство, договорите за исплата на пензии или пензиски надоместоци од пензиски фонд и договорите со осигурители склучени во име на пензиското друштво кое се присоединува.

На сите лица кои имаат индивидуална сметка, доброволна индивидуална сметка и професионална сметка во задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд кој се присоединува, ќе им бидат пренесени сметките (евиденцијата и средствата) во задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд управуван од пензиското друштво кон кое се врши присоединување.

Пензиското друштвото кон кое се врши присоединување и пензиското друштвото кое се присоединува треба да извршат усогласување на регистарот на членови, пензионирани членови и осигурители на пензиското друштво кон кое се врши присоединување со регистарот на членови и осигурители на пензиското друштвото кое се присоединува.

**Член 15**

Пред присоединувањето, пензиското друштво кон кое се врши присоединување треба да испрати писмено известување до сите членови, пензионирани членови и осигурители.

Известувањето од став 1 од овој член треба да биде испратено во рок од 30 дена од добивањето на дозволата од Агенцијата но не покасно од датумот на присоединување на пензиските друштва.

**Член 16**

Известувањето од член 15 треба да ги содржи најмалку следните информации:

а) информација за постапката за присоединување;

б) назив на пензиското друштво и пензиските фондови кое се присоединуваат и назив, адреса и телефон на пензиското друштво и пензиските фондови кон кои се врши присоединување ;

в) датум на присоединување и известување дека тој датум може да се одложи;

г) изјава со која се потврдува дека присоединувањето нема да има неповолно влијание врз членовите, пензионираните членови и осигурителите кои произлегуваат од присоединувањето;

д) известување на членовите, пензионираните членови и осигурителите дека имаат можност за премин во друг задолжителен и/или доброволен пензиски фонд и постапката и роковите во кои тоа можат да го сторат;

ѓ) известување на членовите, пензионираните членови и осигурителите дека надоместок за премин, согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, нема да се наплатуваат при премин во друг пензиски фонд во постапката за присоединување; и

е) информации кои се однесуваат на пренос на средствата и сметководствените единици во пензискиот фонд кон кој се врши присоединување .

Член 17

На датумот на присоединување на пензиските друштва, пензиското друштвото кое се присоединува станува дел од пензиското друштво кон кое се врши присоединување.

На датумот на присоединување на пензиските фондови, задолжителниот или доброволниот пензиски фонд кој се присоединува, станува дел од задолжителниот или доброволниот пензиски фонд кон кој се врши присоединување.

Член 18

Пензиско друштвото кон кое се врши присоединување ги презема сите права и обврски на пензиско друштвото кое се присоединува, и е правен наследник на пензиско друштвото кое се присоединува.

Задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд кон кој се врши присоединувањето ги презема сите права и обврски на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд кој се присоединува, и е правен наследник на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд кој се присоединува.

Член 19

Пред присоединувањето, пензиското друштво кон кое се врши присоединување ќе ја објави во еден од најтиражните дневни весници во Република Македонија и на својата веб страна:

а) содржината на дозволата за присоединување издадено од Агенцијата и

б) податоците утврдени во член 16 на овој правилник.

Член 20

Во рок од 60 дена по присоединувањето, пензиско друштво им доставува на сите членови, пензионирани членови и осигурители копија од информативниот проспект, статутот на пензиско друштво и статутот на задолжителен и/или доброволен пензиски фонд.

Член 21

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилник за начинот на присоединување на пензиски друштва и начинот на присоединување на задолжителни и/или доброволни пензиски фондови објавен во („Службен весник на Република Македонија” број 138/2008) .

Член 22

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## Член 23

(Член 8 од „Службен весник на Република Македонија"бр. 85/2013)

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Претседател на Управниот одбор,
Анета Димовска, с.р.

Образец број 1

БАРАЊЕ

за добивање дозвола за присоединување на едно пензиско друштво кон друго пензиско друштво

1.____________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

2. .____________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

*(Име и презиме на законскиот застапник / овластениот потписник на секое друштво, назив , адреса телефон,факс и електронска пошта)*

Го поднесуваме ова Барање со цел да учествуваме во постапката за добивање дозвола за присоединување на

______________________________________________________________________________

(назив на друштво кое се присоединува)

кон __________________________________________________________________________

(назив на друштво кон кое се врши присоединување)

согласно условите од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и Правилникот за начинот на присоединување на пензиски друштва и присоединување на пензиски фондови.

.

законски застапник/овластен потписник

на секое друштво

1.______________________________

2.______________________________

3.______________________________

Во___________на___________________година.

Образец број 2

БАРАЊЕ
за добивање одобрение за присоединување на еден пензиски фонд кон друг пензиски фонд

1.________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

2.________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

*( Име и презиме на законскиот застапник / овластениот потписник на секое друштво, назив, адреса телефон, факс и електронска пошта);*

Го поднесуваме ова Барање со цел да учествуваме во постапката за добивање одобрение за присоединување на

________________________________________________________________________

(назив на пензискиот фонд кој се присоединува)

кон ________________________________________________________________________

(назив на пензискиот фонд кон кој се врши присоединување)

согласно условите од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и Правилникот за начинот на присоединување на пензиски друштва и присоединување на пензиски фондови.

.

законски застапник/овластен потписник
на секое пензиско друштво

1.______________________________

2.______________________________

3.______________________________

Во___________на___________________година.